**Известување за концентрација со која ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о., Република Словенија и Семејството Нитсијакос од Грција ќе стекнат заедничка контрола над Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес, Јанина, Грција**

**(предмет бр. 08-97/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.06.2026 година, а дополнето на 09.06.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о.** (PERUTRNINA PTUJ d.o.o.), со регистрирано седиште на Потрчева цеста бр. 10, 2250 Птуј, Република Словенија , и **Семејството Нитсијакос**, составено од следните физички лица, кои заеднички настапуваат како лица со крајна контрола: г. Константинос Нитсијакос, жител на Грција, г-а Ангелики Нитсијаку, жител на Грција, и г-а Елени Нитсијаку, жител на Грција, кои дејствуваат заедно преку следните субјекти под контрола ИСТОС ТОКСОТИС ДРУШТВО ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ со регистрирано седиште на ул. Мерлин бр. 7, Атина 106 71, Грција; ОРИТЕН МЕЛОРИА ДРУШТВО ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ, со регистрирано седиште на ул. Мерлин бр. 7, Атина 106 71, Грција; МПЕ МАРИТЕ ДРУШТВО ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ, со регистрирано седиште на ул. Мерлин бр. 7, Атина 106 71, Грција; ИСТОС ТОКСОТИС Лтд., со регистрирано седиште на ул. Преспас бр. 2, кат 3, стан 302, Агио Омолгитес, 1082 Никозија, Кипар; ОРИТЕН МЕЛОРИА ЛИМИТЕД, со регистрирано седиште на ул. Левантас бр. 19, Меса Геитониа, 4007 Лимасол, Кипар; МПЕ МАРИТЕ Лтд. , со регистрирано седиште на ул. Продрому бр. 65, кат 7, стан 702, 2062 Никозија, Кипар, имат намера да стекнат заедичка контрола над **Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес** (Th. Nitsiakos AVEE Ptinotrofikes Epicheiriseis), со регистрирано седиште во Индустриска Зона на Јанина, Родотопи, 45500 Јанина, Грција

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о.** е друштво во целосна сопственост на МХП СЕ (MHP SE), друштво основано и постоечко согласно законите на Кипар, со седиште на улица Зинас Кантхер 16-18, Ајиа Триада, 3035 Лимассол, Кипар .

МХП групацијата има во сопственост едно регистрирано друштво во Северна Македонија:

Друштво за трговија на големо со месо и производи од месо ПЕРУТНИНА ПТУЈ ДООЕЛ Скопје, со регистрирана дејност: 46.320 – Трговија на големо со месо, производи од месо, риба и производи од риба, со регистрирано седиште на ул. Столтенбергова бр. 4, ламела б/влез 1-7, лево, Скопје,

**Семејството Нитсијакос** претставува единствена економска единица составена од г. Константинос Нитсијакос, г-а Ангелики Нитсијаку и г-а Елени Нитсијаку, кои имаат одлучувачко влијание и контрола врз Нитсијакос друштвата за стекнување, согласно нивните права на сопственост и управување. Нитсијакос друштвата за стекнување не вршат било какви деловни активности, освен што дејствуваат како холдинг субјекти за Целното друштво.

Субјектите под контрола на Семејството Нитсијакос немаат присуство во Северна

Македонија и, со исклучок на Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес, немаат остварено било каков приход во Северна Македонија во 2025 година.

На глобално ниво, **Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес** е грчка групација за месо и живина активна во целиот синџир за снабдување со живина, вклучувајќи го и одгледувањето на живината, колење и обработка на свежо и замрзнато пилешко месо. Исто така, врши достава на пилиња и несење јајца и е активна во производството на храна за животни (вклучувајќи живина и добиток) како и храна за миленици.

Во Северна Македонија во 2025 година, Нитсијакос групацијата дејствувала со широк спектар на производни категории. Примарно била активна во продажбата на производи од маслодајни култури, како и необработено месо од живина (свежо и замрзнато), и храна за миленици. Целната групација не дејствува преку локално регистриран зависен субјект или подружница во Северна Македонија

Имајќи ги предвид деловните активности на **Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес** во Северна Македонија, а особено пазарот во кој Учесниците хоризонтално се преклопуваат во Северна Македонија, според подносителите на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би можел да се дефинира како ***пазар за продажба на големо на месо од живина, а географскиот пазар како територија на Република Северна Македонија.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.06.2026 година

Скопје